Audit Authority for Audit of Instrument for Pre-Accession Assistance of North Macedonia

**Ревизорско тело за ревизија на ИПА**

***VI ТИ СКС за ИПАРД III Програма – 10.12.2025 година, Скопје***
***Рурален развој за период 2021-2027 за ИПА III***

# VI ТИ Секторски комитет за следење на ИПАРД III Програмата 2021-2027

Почитувани, на кратко ќе Ве информирам за спроведените и планираните активности на Ревизорското тело за ревизија на ИПА (РТ) после одржаниот петти секторски комитет за следење, кој се одржа на 21.05.2025 година во Скопје.

Имајќи предвид, дека во мај 2025 година, Ве известивме за активностите кои РТ ги спроведува, тоа што Би сакала да го споделам за овој Комитет кој се одржува во месец декември 2025 година, за активностите на РТ се со овој статус, а кои се во согласност со три-годишната ревизорска стратегија (РС) за период 2025-2027:
- издаден Нацрт извештај од ревизии на операции 1 и 2 за декларирани трошоци заклучно со јуни 2025 година;
- во тек се трите системски ревизии за системот за управување и контрола по субјекти. Фазата на тестирање од системската ревизија е започната во ИПАРД Агенцијата, додека за НАО/МС и Телото за уптавување се планира да започне во втората половина од овој месец;
- во прв квартал од наредната година, планирани се ревизиите на операции за втората половина од 2025 година
- финансиската ревизија за доставените сметки и ревизија на годишната изјава за управување издадена од НАО за ФГ 2025, планирана е за периодот февруари-март 2026 и
-екс-пост ревизијата за декларираните трошоци од ИПАРД 2 Програмата за 2020 година, согласно упатствата на ГД АГРИ.

Во тек е изработка на Ревизорската стратегија за период 2026-2028, која РТ ќе ја достави до ГД Агри и НАО, најдоцна до 30.11.2025 година.

Годишен извештај за ревизорска активност и годишното ревизорското мислење за ИПАРД III програмата, РТ ќе ги достави не подоцна од 15/03/2026.

Ви благодарам на вниманието.

Изработила: Љубица Локвенец, ПГРИПА, СР 4
Помошник на Главниот ревизор за ИПА,
Сектор за ревизија на ИПАРД Програмите
Скопје, 20 Ноември 2025